Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен управен инспекторат
Inspektorati Shtetëror Administrativ

Бр. - Nr 01-394/1
19.10.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ИНСПЕКТОРИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА

**Арх.бр.** 01-394/1
**Датум:** 19.10.2023г.

**Место: Скопје**

**Кети Василеска**
**Директор на Државен управен инспекторат**

**(м.п.)**


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев бр.5 кат 1, Скопје
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

## ВОВЕД

Со Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019), е воспоставен систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво, со кој закон инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува, во согласност со потребите на инспекциската служба во кој е вработен, преку генерички и специјализирани обуки.

Во согласност со член 30 став (1) точка 8 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019) Директорот на Државниот управен инспекторат донесува Годишна програма за специјализирани обуки за сите видови на инспектори (генерален инспектор, главни инспектори, виши инспектори, советници инспектори, самостојни инспектори и помлади инспектори) кои ќе бидат релизирани во текот на 2024 година.

Годишната програма опфаќа повеќе теми за стекнување на знаења и вештини, распредени во неколку области, според делогругот на надлежности што се утврдени согласно одредбите на материјалните закони по кои постапуват управните инспектори во Државниот управен инспекторат.

## НАДЛЕЖНОСТ НА ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Соглано член 2 од Законот за управната инспекција ("„Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/21 ), управната инспекција го опфаќа надзорот над примената на Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и другите закони што содржат одредби за управната постапка.Управната инспекција врши надзор и над спроведувањето на одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, исто така Управната инспекција врши надзор и над извршувањето на прописите за канцелариското работење.

Согласно надлежнистите на Државниот управен инспекторат за 2024 година ќе се спроведат специјализирани обуки и тоа: за Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15,


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев бр.5 кат 1,
Скопје
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20).

Предвидените области и теми за обука на управните инспектори се резултат на анализите и податоците добиени во предходниот временски период во однос на потребите за специјализирани обуки, со која се идентификувани најрелевантните потребни теми за обука, но и најефикасните методи за спроведување на обуката за инспекциската служба.

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Главна цел на Годишната програма за специјализирани обуки на управните инспектори во Државниот управен инспекторат за 2024 година е надградување на основните компетенци и вештини на инспекторите, со што ќе се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во понатамошен нивен развој, преку што ќе се делува и на зајакнување на капацитетите на државната администрција за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата.

Посебните цели на оваа програма, вклучуваат:

- целосна контрола во имплементација на материјалните закони во практиката доверени во надлежност на управниот инспктор, применувајќи при тоа соодветни процедури пропишани со пропратните прописи наведени во програмата.

-зајакнување и надградување на личните и професионалните капацитети на управните инспектори.

Преку реализацијата на оваа Годишна програма за специјализирани обуки на крајот ќе се обезбеди управните инспектори да се стекнат со потребните нови и современи знаења и вештини за зајакнување на личните и професионалните капацитети, кои се од круцијално значење за извршување на нивните работни задачи и обврски при спроведување на инспекциските надзори кои што пак


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев бр.5 кат 1,
Скопје
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација помеѓу себе во исполнување на секојдневните обврски.

## ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА ОБУКА

Годишната програма за специјализирани обуки за инспекторите за 2024 година опфаќа повеќе теми за стекнување знаења и вештини, распредлени во следната област :

Област 1 – Законодавство

Тема 1.1.

Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22)- 6 часа предавање/вежби

Тема 1.2.

Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23)-3 часа предавање/вежби

XI. Глава

-ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Тема 1.3.

Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) -6 часа предавање/вежби


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев бр.5 кат 1, Скопје
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на спроведувањето на Годишната програма за специјализираните обуки за 2024 година ќе се организира и спроведе со средства од буџетот на Државниот управен инспекторат.

## НАЧИН И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Годишната програма за индивидуално стручно усовршување и обуки на секој инспектор за 2024 година ќе се реализира на класичен начин со физичко присуство во училница или со користење на електронска платформа за учење, која овзможува два начини на on-line учење:

1) on-line во „живо"
2) on-line,односно елктронско учење преку самостојно учење

Програмата за специјализирани обуки за 2024 година ќе се спроведе преку реализација на обуки. Обуките ќе бидат изведувани од искусни административни службеници од соодветната област, вклучувајќи и искусни инспектори со долгогодишно успешно искуство во инспекторатот како и доколку се појави потреба и со ангажирање на надворешни лица експерти од соодветната област, кои треба да поседуват професионали квалитети и знаења од модулот/темата на обука. Обучувачите треба да поседуваат професионални квалитети во смисла на репертоар на методи и техники на обука, да бидат организирани и систематични, да умеат да ги користат техничките средства кои се потребни, со силни вештини за комуникација, емпатија, толеранција, почитување на различностите и да поседуват знаења и вештини за користење на електронската платформа доколку обуката се изведува on-line со што целосно и успешно ќе го пренесат своето знаење и вештини од конкретната област врз слушателите учесници на специјализираните обуки.

Секоја Тема од Годишната пограма за специјализирани обуки на управните инспектори за 2024 година на Државен управен инспекторат ќе биде детално разработена со План за секоја специјализирана обука, кој ќе се подготви пред оджување на обуката а ќе содржи:

-Назив на темата и вкупен број на часови кој ќе бидат предвидени за истата


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев бр.5 кат 1, Скопје
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

-конкретни цели на темата,

-дидактички забелешки,

-методи на обучување и активности за учење, -активности,

По завршување на секоја специјализирана обука ќе се изработи сумарен извештај од конкретната обука.


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев бр.5 кат 1,
Скопје
+389 2 3223 965
www.duinspektorat.mioa.gov.mk